# Безбедно земање на лекови

## Како можам безбедно да го земам мојот лек?

- Следете ги упатствата на етикетата.
- Треба да знаете кога да го земате лекот и во колкава количина.
- Научете која е активната состојка во вашиот лек.
- Список на вашите лекови може да ви помогне вам, на вашиот доктор и вашиот аптекар за да водите евиденција за вашите лекови.

## Што е активна состојка (active ingredient)?

- Активната состојка е таа што овозможува вашиот лек да делува.
- Проверете ја етиката за да се осигурате дека немате два или повеќе лекови кои изгледаат различно, но меѓутоа ја имаат истата активна состојка.
- Контактирајте го вашиот доктор или аптекар ако имате повеќе лекови со иста активна состојка.

## Како можам да ја најдам активната состојка?

- Прашајте го вашиот доктор или аптекар.
- Активната состојка е наведена на етикетата
- Водете евидеција за активната состојка во вашиот лек. Можете да го сликате вашиот лек или да водите список за вашите лекови.

## Како можам да заштедам пари на моите лекови?

- Лековите можат да имаат различни имиња – името на активнатна состојка и името на марката (името на оригиналната марка или името на генеричката марка) кои се дадени од производителот.
- Лекот од генеричка марка е често поевтин од лекот од оригиналната марка иако тие ја содржат истата активна состојка.
- Вашиот доктор или аптекар може да ви предложи да го земате лекот од генеричка марка за да заштедите пари.

## Дали можам да го споделувам мојот лек со членовите од моето семејство или пријателите кои исто така се болни?

- Не, вашиот лек е само за ваша употреба.
- Може да биде опасно ако член од вашето семејство или пријател го зема вашиот лек.

## Како да ги контролирам моите лекови додека трае пандемијата на Ковид-19 (COVID-19)?

- Земајте го лекот како што ви го препишал вашиот доктор.
- Осигурете се да имате доволна количина од вашиот препишан лек за еден месец.
- Ако треба да отидете во болница, земете ги вашите лекови или понесете список на лековите.

## Со кого можам да зборувам за мојот лек?

- Разговарајте со вашиот доктор или аптекар. Кажете им ако ви треба преведувач.
- Јавете се во Дежурната служба за користење на лекови (Medicines Line) на 1300 633 424.
  За бесплатни услуги од преведувач преку телефон, јавете се во Службата за писмено и усмено преведување (Translating and Interpreting Service- TIS) на 131 450, кажете кој јазик зборувате и побарајте да ве поврзат со Дежурната служба за користење на лекови.






Овој информативен лист го подготви
NSW Multicultural Health Communication Service (2020)
www.mhcs.health.nsw.gov.au

NSW GOVERNMENT